Врз основа на член 26 од Статутот на СММ, а во врска со член 104 од од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр.52/2010,) Сојузот на металурзите на Македонија на Собранието одржанон на ден 13.04.2011 година го донесе следниот

# С Т А Т У Т
# на Здружението на металурзите на Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Здружението на металурзите на Македонија е стручно, доброволно, масовно, самостојно и вонпартиско здружение на металурзите во Република Македонија. Здружението на металурзите на Македонија се основа со издвојување на металуршката секција од Сојузот на инженери и техничари од рударска, геолошка и металуршка струка на Македонија на 21.11.1996 година и ги продолжува активностите и традициите на металуршката секција.

Член 2

Здружението на металурзите на Македонија има својство на правно лице со права и одговорности што произлегуваат од Уставот на Македонија и Законот за здруженија и фондации.

Здружението на металурзите на Македонија во правниот систем на државата го застапува Претседателот.

Здружението на металурзите на Македонија со скратено име ќе се именува ЗММ.

Во меѓународната комуникација, Здружението на металурзите на Македонија ќе се именува покрај на македонски јазик и со англискиот превод како **MacedonianUnion of Metallurgits** или со скратено име **MUM.**

Член 3

ЗММ е доброволно здружен во Инженерската институција на Македонија и во тие рамки делува како струково здружение од областа на металургијата, металуршката техника и технологија, металуршката наука и практика и сите други активности поврзани со развојот на металуршката наука и практика во Република Македонија.

Член 4

Името ЗММ е: Здружение на металурзите на Македонија, со седиште во Скопје, улица Руѓер Бошковиќ 16.

Член 5

За реализирање на програмските, материјалните претпоставки и организационата поставеност, ЗММ непосредно соработува со Инженерската институција на Македонија и со органите на управата надлежни за дејноста на техничката култура, металуршката индустрија и образование на кадрите на Република Македонија и Стопанската комора на Македонија.

Член 6

ЗММ во реализација на своите програмски активности соработува и со стопански претпријатија од областа на металургијата, со други организации, установи и институции кои придонесуваат за развојот на металургијата во Република Македонија и металуршката наука и практика пошироко.

Член 7

ЗММ има свој печат, штембил, амблем и знаме.

Печатот на ЗММ е со тркалезен облик со пречник 20мм, на кој е напишан текстот: Здружение на металурзите на Македонија- Скопје.

Штембилот е во правоаголна форма со димензии 65 x 25мм, со текст: Здружение на металурзите на Македонија- Скопје, а има и број и датум.

Амблемот на ЗММ е во облик на штит во кој се испишани буквите ЗММ и знакот на металурзите чекан и ковачка клешта.

Подлогата на штитот е со портокалова-црвена боја. Металуршкиот симбол е со црна боја.

Знамето на ЗММ е во метално-сива боја, со правоаголна форма во однос 2:1 на ширина према висина, а во средината е амблемот на ЗММ.

Ден на Металурзите на Република Македонија е 06 мај.

## II. ОСНОВНИ ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ

Член 8

Основни програмски цели и задачи на Здружението се:

- да го потикнува и унапредува металуршкото производство;
- унапредување на знаењата и дообразување на инжинерско- техничките и другите стручни металуршки кадри;
- непосредно организирање и давање потстрек на инженерите, техничарите и другите дејци во металургијата за развивање на творечката иницијатива за развојот на производните сили од областа на металургијата и обработката на металите;
- соработка на задачите и прашањата од заеднички интерес со соодветните републички органи и стручни организации, металуршките претпријатија, Стопанската комора на Македонија и образовно научните институции.
- организирање и пратење на работата на стручните одбори за разните области на металургијата;
- организирање и кординирање на работата од областа на стандардизацијата во металургијата и металуршкото производство и производи од други индустрии кои се неопходни за металуршкото производство;
- организирање и водење на стручната издавачка дејност од областа на металургијата и металните материјали;
- организирање на семинари, симпозииуми, стручни и научни советувања и изложби од областа на металургијата и помошните технички гранки во металургијата;
- претставување на металуршката струка, наука и еснаф во меѓународни организации и сојузи од обаласта на металургијата;
- други активности поврзани со металуршката наука, практика и металуршка развојна политика.

## III СОРАБОТКА СО ИНЖЕНЕРСКАТА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

член 9

ЗММ соработува со органите на управата, Стопанската комора, универзитетите и другите институции, претпријатијата, а особено со Инженерската институција на Македонија и тоа:

- во дефинирање на годишните, среднорочните и долгорочните планови за развој на металуршкото производство;
- за утврдување на програмите и целите на рзвојот на металуршкото производство и наука;

- за определување на обемот на потребните средства за реализација на програмските задачи на ЗММ;
- во давање мислење за нормативните акти и прописи за активностите во рамките на ЗММ;
- соработува и по други прашања од заедночки интерес

член 10

Согласно Законот за здруженија и фондации, ЗММ може да основа друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва заради создавање на материјални услови за успешно вршење на основната дејност и остварување на целите на ЗММ и за финансирање на функциите утврдени со овој Статут, откако тие ќе се регистрираат во Централниот регистар на Република Македонија.

## III. ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ И ЗДРУЖУВАЊЕ

член 11

ЗММ го сочинуваат активи, друштва и поединци, кои делуваат во областа на металуршкото производство, прометот и науката.
За поуспешно реализирање на програмските цели и задачи, ЗММ може да се организира и по струкови секции и друштва по одделни металуршки подобласти на науата и практиката.

член 12

Во ЗММ слободно и доброволно се зачленуваат поединачно металуршките инженери и техничари, студенти од металуршките факултети, а групно работниците од трговските друштва од областа на производството и прометот со метали, трговските друштва и други видови на стопански организации од преработката на металите, научните и образовните организации и научните дејци од областа на металургијата и нејзиниот развој и од сродните струки кои работат во металургијата, со потпиешување на пристапница.

член 13

За остварување на основните цели и задачи утврдени со овој Статут членовите на ЗММ се организираат во организациони единици: активи и друштва во местото на живеење и делување, како и по стопански организации, трговски друштва и научно образовните организации.

член 14

Активите или друштвата се конституивен дел и непосредни членови на ЗММ без право на регистрација како правни лица .

член 15

Актив или друштво формираат најмалку 5 активни дејци во металуршкото производство, во истражувачко-развојните и научните дејности, во прометот и преработката на металите, а сите се членови на собранието на активот и друштвото, кое е орган на активот или друштвото. На чело на активот се избира претседател и негов заменик претседател, кои го застапуваат активот или друштвото пред другите органи на ЗММ. Мандатот на раководствата на активот или друштвото е 4 години.

## V. ЗАЧЛЕНУВАЊЕ, ПРЕСТАНОК, ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

член 16

Зачленувањето во ЗММ се врши директно во ЗММ, со потпишување на пристапница на заинтересираниот граѓанин, или преку доставување на список за

колективно зачленување на одделни металуршки претпријатија и други организации во согласност со член 12 преку поднесување на пристапница, потпишана од овластено лице.

Се води регистар на членовите на ЗММ и евиденција на членовите на Извршниот и Надзорниот одбор.

член 17

Членството на ЗММ престанува во следните случаи:

- со доброволно истапување;
- со исклучување од ЗММ;
- во случаи предвидени и регулирани со закон и нормативни акти на ЗММ.

Одлука за престанок на членство донесува и го утврдува Собранието.

член 18

Активите и друштвата што го сочинуваат ЗММ имаат еднакви права, обврски и одговорности во реализирање на програмските содржини, финансиското и материјално работење и дејностите од заеднички интерес на ЗММ.

член 19

Членовите ги имаат следните права, обврски и одговорности:

- да даваат предлози и иницијативи за работата на ЗММ и да учествуваат во обликување на програмата за работа на ЗММ;
- да учествуваат во активностите што ги организира ЗММ;
- нивните претставници да избираат и да бидат бирани во органите и телата на ЗММ, како и да учествуваат во нивната работа;
- активно да се ангжираат во остварување на целите и задачите утврдени со Статутот;
- да ги почитуваат и спроведуваат одредбите на овој Статут и одлуките на телата и органите на ЗММ;
- да има увид во управувањето со имотот на ЗММ и трошењето на финансиските средства, непосредно или преку Надзорниот одбор

член 20

Статутот и другите акти на членките на ЗММ важат подеднакво за сите поединачни членови, друштва и активите.

член 21

Одговорноста на членките, постапката и мерките за непочитување на утврдените норми на однесување во ЗММ се утврдуваат со посебен акт, што го донесува Собранието на ЗММ.

## VI. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

член 22

Органи на ЗММ се:

- Собрание
- Извршен одбор
- Претседател и
- Надзорен одбор

### 1. **Собрание**

член 23

Собранието е највисоко тело на ЗММ, што го сочинуваат претставници на активите и друштвата на и истакнати активисти и поединци во струката и ЗММ, кои ги определува Собранието.

Собранието го сочинуваат по три претставници од секој актив и друштво, по три претставници од секое производно претпријатие и трговско друштво од прометот, кое е колективен член на ЗММ, 5 претставници од факултет и научно истражувачка

институција од областа на металургијата и најмалку 5 поединечни членови. Собранието најмалку има 30 члена.

Собранието се свикува на:

- Редовна седница секоја година;
- Изборно-отчетна на секои четири години;
- Вонредна седница на барање на една петина од членките на здружението, или на барање на надзорниот или извршниот одбор.

член 24

Мандатот на членовите на собранието и другите тела трае четири години, со можност за повторен избор.

член 25

Членот на Собранието има право и обврска да:

- учествува во работата на седницата;
- покренува расправа за прашања од делокругот на работата на седницата;
- бара податоци од стручната служба за обавување на својата претставничка дејност.

член 26

Собранието на ЗММ ги врши следните работи:

- донесува Статут, измени на Статутот, програма и други општи акти на ЗММ;
- ја определува програмата за развој на ЗММ и металуршката дејност и ја спроведува државната политика за развој на металургијата;
- усвојува годишен извештај за работата и финансиски извештај и ги објавува на својата веб страница;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаи кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на здружувањето;
- одлучува за основање и укинување на активи, друштва, друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва;
- одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународниорганизации;
- констатира приемна нови членови и престанок на членувањето;
- избор на претседател на ЗММ, потпретседатели и секретар, извршен одбор и надзорен одбор;
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на други тела на ЗММ;
- донесува деловник на собранието на ЗММ и
- врши други работи во согласност со статутот и општите акти на ЗММ.

член 27

Собранието работи на седници

Седница на собранието свикува претседателот на собранието или на барање на 1/5 од вкупниот број на членови на собранието, со писмена покана за седница, најмалку пет дена пред одржување на седницата.

Во итни случаи седницата може да биде свикана и за пократко време.

Претседателот на собранието, истовремено е претседател на ЗММ и претседател на извршниот одбор.

Доколку е доставено барање за свикување седница во согласност со член 23, став 2, алинеја 3, а претседателот не свикува седница во рокот од 14 дена, седница на собранието може да свика претседателот на надзорниот одбор, потпретседателот и секретарот, или член од иницијаторите за седница.

Со седницата раководи претседателот на ЗММ или по овластување заменик претседателот на ЗММ, или свикувачот на седницата согласно на став 3 од овој член.

Седницата на собранието може да работи и да донесува полноважни одлуки доколку на него се присутни повеќе од половината на делегатите.

Собранието одлучува со јавно гласање. Секој делегате на собранието има право на еден глас.

Собранието ги донесува одлуките, по правило со мнозинство гласови од присутните делегати, а бројот на гласовите да не биде помалку од една третина од утврдените делегати на Собранието.

Одлуки за измена и дополна на Статутот се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на делегати на собранието.

Член на извршниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина од втор степен и за прашања кои се однесуваат на секое правно лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

2. **Извршен одбор**

Член 28

Извршниот одбор е извршен орган на собранието. Претседателот на Собранието е претседател на Извршниот одбор, потпретседателите и секретарот се членови на извршниот одбор. Бројот на членови на извршниот одбор го определува собранието. Членовите на извршниот одбор се избираат од редовите на членовите на собранието со мандат од 4 (четири) години и со можност за повторен избор.

Член 29

Седниците на извршниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш во три месеци.

Член 30

Извршниот одбор работи на седници, кои ги свикува претседателот на ЗММ.

По овластување на претседателот седница може да свика и потпретседател или секретарот.

Доколку претседателот неоправдано не свикува седница во согласност со овој Статут, седница на извршниот одбор може да се свика на барање на три члена. Во случај претседателот да не свикува седница согласно со доставено барање, седницата може да ја свикаат иницијаторите, а со седницата раководи највозрасниот член на иницијаторите.

Седниците на извршниот одбор може да се одржуваат и на нив да се донесуваат полноважни одлуки, во склад со овој Статут, доколку на седницата присутни се повеќе од половината од членовите на извршниот одбор.

Одлуките на извршниот одбор по правило се донесуваат со јавно гласање, а одлуката се донесува со мнозинство на членовите од извршниот одбор.

За својата работа извршниот одбор одговара на собранието.

Член 31

Извршниот одбор на ЗММ во основа ги обавува следните работи:

- ги подготвува седниците на собранието;
- го подготвува нацртот на статутот, измените во статутот и другите одлуки што треба да ги донесе собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на собранието;
- по укажана потреба формира стручна служба и други нејзини организациони единици и врши контрола врз нивната работа;
- управува и одговара за управувањето со имотот на ЗММ;
- подготвува годишни прогарми за работа на ЗММ;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;
- дава согласност за избор на претставници во меѓународни асоцијации и организации;

- организира советувања и други форми за работа заради размена на мислење за важни прашања од металургијата.
- соработува со Инженерската институција на Македонија и со другите органи на Република Македонија  и Стопанската комора;
- подготвува предлог одлуки и акти што ги донесува Собранието;
- ја кординира работата на друшвата и активите;
- подготвува финансиски годишен план;
- разгледува и усвојува годишна пресметка за остварување на финансискиот план;
- одлучува за формирање на претпријатија на организацијата;
- донесува годишна програма за својата работа;
- врши и други работи, кои не се во надлежност на собранието.

Член 32

Обврска на членот на извршниот одбор е да присуствува на седниците на извршниот одбор и на седниците на Собранието, или да ја образложи оправданоста за отсуство од седницата.

Собранието може да отповика членови на извршен одбор и пред истекот на мандатот, доколку членот не се придржува на одредбите на овој Статут или пројавува неактивност која ја спречува работата на извршниот одбор. Предлог за отповикување на член на извршен одбор го донесува извршниот одбор.

Членот на извршен одбор може да си даде оставка, со што му престанува членството во извршен одбор.

Членството во извршен одбор престанува во случај членот да биде осуден на казна затвор за извршено кривично дело.

Собранието може да го отповика извршниот одбор пред истекот на мандатот, доколку утврди дека тој работи спротивно на одредбите на Статутот, целите и интересите на ЗММ

3. **Претседател**

Член 33

Претседателот на ЗММ истовремено е и претседател на извршниот одбор.

Претседателот е должен да свика седница на извршниот одбор по барање на најмалку три члена на извршниот одбор или на надзорниот одбор. Ако претседателот не свика седница во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето, седница се свикува согласно на член 30.

Член 34

Претседателот ги има следните права и обврски:

- го претставува и застапува ЗММ во правниот промет и пред трети лица;
- остварување соработка со Инженерската институција на Македонија и органите надлежни за делокругот на работење на ЗММ;
- се грижи за работата на собранието и извршниот одбор;
- ја следи и помага реализацијата на програмите;
- свикува и претседава со седницата на собранието и извршниот одбор;
- ги потпишува актите што ги донесува собранието и извршниот одбор;
- врши и други работи предвидени со овој Статут и општи акти на ЗММ.

Мандатот на претседателот трае 4 (четири) години со можност за повторен избор.

Претседателот може да биде отповикан од страна на собранието и пред истекот на мандатот, доколку се утврди дека работел спротивно на одредбите на Статутот, целите и интересите на ЗММ.

Предлог за отповикување на претседателот се поднесува на седница на собранието. Предлог за отповикување може да даде надзорниот одбор или извршниот одбор.

Претседателот може да биде отповикан пред истекот на мандатот, директно биде осуден за кривично дело.

Член 35

Во остварување на работите предвидени во член 34 од Статутот на претседателот му помагаат, потпретседателите, секретарот и извршниот одбор.

Бројот на потпретседателите го определува Собранието.

Во отсуство на претседателот, ингиренциите на претседателот ги добива потпретседател, а во отсуство на претседателот и потпретседателите, секретарот.

**4. Секретар на ЗММ**

Член 36

Секретарот на ЗММ ги има следните права и должности:

- се грижи за работата на собранието, извршниот одбор, надзорниот одбор и другите работни тела и комисии.
- ги спроведува актите што ги донесува собранието и извршниот одбор, работните тела и комисиите.
- се грижи за остварување на соработката со друштвата и активите;
- се грижи за подготвување на програмите, финансискиот план, завршната сметка и другите документи што ги донесува собранието и извршниот одбор;
- донесува решенија врз основа на закони, одлуки и други видови акти донесени од собранието и извршниот одбор;
- мандатот на секретарот трае 4 (четири) години со можност за повторно именување;
- секретарот за својата работа одговара пред собранието и извршниот одбор на ЗММ;
- секретарот може да биде разрешен од функцијата по свое барање, со отповикување, или доколку биде осуден за кривично дело;
- секретарот може да биде отповикан пред истекот на мандатот за кој е избран доколку се утврди дека постапувал спротивно на одлуките донесени на извршниот одбор и собранието;
- секретарот води записник од седниците на Собранието и Извршниот одбор;
- секретарот во својата работа се придржува на законите и прописите кои владеат во Република Македонија.

4. **Надзорен одбор**

Член 37

Надзорниот одбор е орган на собранието на ЗММ.

Надзорниот одбор брои 3 (три) члена избрани од редовите на членовите на собранието и од својот состав бира претседател;

Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае 4 (четири) години, со можност за повторен избор.

Член 38

Надзорниот одбор ги разгледува:

- периодичните пресметки, извршување на финансискиот план и завршната сметка на собранието за секоја година;
- врши контрола на финансиско- материјалното работење на сите корисници на наменски средства за развој и делување на ЗММ;
- ја оценува законитоста за наменското користење на средствата;
- предлага мерки и решенија пред извршниот одбор и собранието од својот делокруг.

Член 39

Надзорниот одбор ја контролира работата на собранието и извршниот одбор и води сметка за нивното правилно работење.

Надзорниот одбор поднесува извештај за својата работа и одговара пред собранието на ЗММ.

## VII. СТЕКНУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

Член 40

ЗММ може да стекнува предмети, парични средства и имотни права.

ЗММ финансиските средства ги стекнува од:

- членарина
- прилози на трети лица
- донации
- приходи од добивката на трговски друштва кои ги основа ЗММ
- приходи од научните и стручните советувања, симпозиуми, конгреси, од издавачка дејност и приходите по основ на услуги што ги даваат неговите членови на трети лица преку ЗММ од делот на неговиот делокруг и целите на основање;
- буџетот на Република Македонија
- единиците на локалната самоуправа;
- советот на град Скопје;
- други слични извори.

Член 41

Наменски средства од буџетот на Републиката, од единиците на локалната самоуправа, од советот на град Скопје се даваат врз основа на изготвени програми (проекти), кои ги одобрува Владата на Република Македонија, односно надлежните министерства, советите на единиците на локалната самоуправа и советот на град Скопје.

Член 42

Добиените средства и од сопствените приходи се распоредуваат врз основа на усвоен финансиски план, кој го донесува Извршниот одбор.

Член 43

За извршување на финансискиот план е задолжен секретарот.

Член 44

Материјално финансовото работење го врши стручно лице од областа на сметководството или стручната служба на Инженерската инстутуција на Македонија, а се води според прописите за материјално- финансово работење.

Член 45

ЗММ и неговите членови може да поседуваат подвижен и неподвижен имот, добиен од членарина, донации, поклони, легати.

Одлука за стопанисување со имотот донесува извршниот одбор на ЗММ.

Одлука за продавање и отуѓување на имотот донесува собранието на ЗММ.

## VIII. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Член 46

ЗММ остварува издавачка дејност преку:

- формирање на информативен центар за информации од областа на металургијата, производството и прометот со метали и метални производи;
- издавање на часописи, стручни книги, билтени, едиции, прирачници и зборници од стручни и научни собири од областа на металургијата, металуршката преработка и сродните индустриски и стручни области.
- издавање на информативен билтен од областа на металуршката наука, индустрија, производство, трговијата и прогнози на тенденциите во производството и прометот.

## IX. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 47

ЗММ доделува признанија (благодарници, плакети и друго) на организации и поединци за особен придонес за развој и унапредување на металуршката дејност, производство, наука и струка, како и унапредување на работата на ЗММ

## X. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 48

Работата на ЗММ е јавна. Информирањето се врши преку редовните извештаи на собранието за неговото работење, извештаите за работење на извршниот одбор, преку своите и други средства на информирање.

## XI. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 49

ЗММ и неговите членови доброволно се зачленуваат во меѓународните организации, кои делуваат во областа на металургијата.

ЗММ во рок од 30 дена ќе го пријавува за регистрација секое членување во меѓународна организација или асоцијација.

Членувањето во други организации и асоцијации не може да биде врз идеолошки или политички цели.

## XII. ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

Член 50

ЗММ престанува со работа на следниот начин:

- ако собранието донесе одлука за престанок на работа на ЗММ, при што за одлуката треба да се изјаснат две третини плус еден глас од вкупниот број на членови на собранието;
- ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање;
- ако уставниот суд на Република Македонија донесе одлука дека програмата и статутот на ЗММ не се во согласност со Уставот;
- ако се утврди од надлежен орган дека ЗММ престанал со работа;

Во случај на стапување во сила на став еден од овој член претседателот на ЗММ е должен да го извести Централниот регистар на Република Македонија во рок од 15 дена.

Член 51

ЗММ престанува да постои ако е:

- донесена одлука за престанок на постоење во согласност со статутот;
- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за оджување на седница на собранието, а таа не е одржана;
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со законот;
- донесена одлука на надлежен суд
- стечај и
- спроведена ликвидација..

Одлука за престанок донесува надлежниот суд на предлог на претседателот, членовите на извршниот или надзорниот одбор, во случај кога одлуката за престанок на постоењето од собранието на ЗММ

Постапката за престанок пред надлежниот суд се води според одредбите на Законот за парнична постапка.

За престанокот судот по службена должност го известува Регистарот.

Член 52

По престанокот на работата на ЗММ, имотот и средствата што остануваат по надмирување на обврските ќе се пренесат во сопственост на Инженерската институција на Македонија.

Во случај да не можат да се исполнат условите од став еден од овој член, средствата што остануваат по намирување на обврските со престанок на ЗММ, имотот и средствата ќе преминат во владение на здружение што ќе го определи соодветното министерство.

Против решението од став два на овој член, ЗММ има право да поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 53

Измени и дополнувања на овој Статут донесува Собранието на ЗММ.

За сите измени и дополнувања, ЗММ во рок од 30 дена го известува Централниот регистар на Република Македонија.

Член 54

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на ЗММ.

Член 55

Статутите на друштва и активи не можат да бидат во спротивност на овој Статут.

Член 56

Одлука за престанок на работа на активите и друштвата донесува Собранието на ЗММ.

Член 57

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување.

ЗДРУЖЕНИЕ НА МЕТАЛУРЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Прерседател,
Др.инж. Свето Цветковски, вон. проф